# ЕФЕКТ ПЛУС, друштво за ревизија



# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2017 ГОДИНА

Март, 2018

Бул.Кузман Ј. Питу бр.15 лок 11, audit@macedonia.cc тел: 02/2465-243, 2401-371; Факс

Согласно барањата на член 35 од Законот за ревизија во Република Македонија, друштвото за ревизија Ефект Плус ДООЕЛ објавува

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2017 ГОДИНА

Извештајот ги содржи информациите во врска со:

1. Опис на правната структура и сопственост ........ 2
2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа 3
3. Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија ........ 3
4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија ........ 3
5. Датум кога е извршена последената проверка заради уверување во квалитетот на ревизорот согласно Законот за ревизија ........ 7
6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на годината за која се известува ........ 8
7. Опис и изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени; ........ 9
8. Опис и изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината. ........ 9
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и од други надоместоци 10
10. Информација за основите по кои се утврдуваат примањата на овластените ревизори ........ 10

**ПРИЛОЗИ ........ 11**

11. Изјава од овластениот надлежен орган за ефективноста на неговото функционирање од аспект на контролата на квалитет ........ 12

**........ 12**

12. Изјава за независното работење на субјектот со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени. ........ 13
13. Изјава за политиката што ја следи субјектот за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината ........ 14

## 1. Опис на правната структура и сопственост

Друштвото за ревизија Ефект-плус ДООЕЛ Скопје е регистирно како трговско друштво со ограничена одговорност на 12.03.2002 година во Република Македонија, согласно сите одредби предвидени со Законот за ревизија и со прифатените меѓународни принципи и стандарди. Друштвото Ефект плус е основано како прво Друштво за ревизија во регистарот при Министерството за финансии со дозвола за работа од Март, 2002 година.

Во рамки на ИОРРМ друштвото има регистарски број ДР001 и под тој број е заведен во регистарот на друштвата за ревизија при Институтот.

Друштвото има лиценца за работа издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата со регистарски број 14, издадена на 12.08.2013 година, заведена под број 07-336/1.

**Вработени**

Со 31.12.2017 во друштвото се вработени 11 лица, од кои 10 се на неопределено полно работно време, а 1 лице на определно работно време.

Во моментот во Друштвото се вработени двајца овластени ревизори Николаки Миов и Кристина Тилиќ.

Под датумот на овој извештај во друштвото вкупно се вработени 11 лица, од кои 10 се на неопределено полно работно време, а 1 лица на определно работно време.

**Сопственичка структура**

Овластениот ревизор Миов Николаки е единствен основач/сопственик на основната главнина во вкупен износ од 368.100 денари, односно 100% учество.

**Останати информации**

Приоритетната дејност/главната приходна шифра на Друштвото е 69.20 сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување

Друштвото нема регистрирани подружници и не се јавува како основач на остaнти субјекти во земјата и странство.

Друштвото не е основач на други трговски друштва ниту има подружници во земјата или надвор од неа,

Друштвото, согласно Законот за Ревизија, е осигурано од одговорност на ревизорските куќи за причинети штети што ќе ги предизвикаат трети лица при вршење на ревизорска дејност. Осигурителната полиса е издадена од Осигуритеното Друштво Евроинс со број 13053000026503/0 на осигурана сума од 7.380.000 ден или 120.000 EUR со рок на траење до 04.09.2018.

## 2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

До јуни 2017 година Ефект плус е самостојно трговско друштво во сопственост на оснивачите и не припаѓа на професионална мрежа ниту има структурни аранжмани од било кој вид.

На 21.06.2017 година друштвото е примено во полноправно членство на PKF International, мрежа на правно независни фирми. Мрежата се состои од повеќе од 400 канцеларии кои се оперативни во 150 земји во рамките на 5 региона во светот. Ефект плус е во регионот на Европа, Блискиот Исток и Индискиот потконтинент.

Друштвото за ревизија останува одвоено правно лице во однос на останатите фирми во мрежата и не презема одговорност за одлуките и активностите на тие фирми.

Односите помеѓу мрежата како давател на лиценца и Ефект плус како корисник на лиценцата е регулиран со одржување усогласеност со Спогодбата за оперативна лиценца [Operating Licence Agreement (OLA)] со кој е ограничена употребата на името на мрежата за одредени активности и на определена територија на име на што се плаќа членарина.

Во договорните односи настапуваме во свое име и ниедна членка на мрежата не може да се повика на одговорност во врска со склучените договори од Ефект плус.

Деталите за фирмите членки се на веб сајтот на мрежата, http://www.pkf.com/

## 3. Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија

Дипл.Есс Миов Николаки-овластен ревизор е управител и основач на друштвото за ревизија Ефект плус

Дипл.Есс Кристина Тилиќ- овластен ревизор е има статус на партнер во друштвото за ревизија Ефект плус.

Секојдневните активности во 2017 се управувани од управителот Миов Николаки - овластен ревизор.

Стратешките одлуки, актите и правилниците се усвојуваат од комисија во состав:

- Миов Николаки
- Кристина Тилиќ
- Марија Левкова

Во февруари, 2018 година Кристина Тилиќ стапува на местото управител на друштвото.

## 4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија

**Вовед**

Друштвото во системот на контрола за квалитет се води од барањата на Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1 - Контрола на квалитет на фирми кои работат на ревизии и прегледи на историски финансиски информации и други ангажмани за уверување и поврзани услуги ( Ефективен од Јуни, 2006 година) кој бара од нас да воспоставиме систем на контрола на квалитет дизајниран да обезбеди разумно уверување дека фирмата и нејзините вработени се во согласност со професионалните стандарди законските барања, и дека издадените извештаи се соодветни во дадените околности.

Истовремено при ангажманите се придржуваме до МСР 220 според кој тимот во рамки на ангажманот треба да вклучи процедури на контрола на квалитет кои се применливи на соодветниот ревизорски ангажман.

Основните цели на политиките и постапките за контролата на квалитетот на ревизорската работа кои се усвоени од страна на друштвото се следните:

- придржување до професионалните барања
- одржување на вештините и компетентноста
- пренесување на должности на соодветен персонал
- делегирање на надлежности
- консултации со соодветни лица
- адекватна политика на прифаќање и задржување на клиенти
- надгледување

Во прилог на извештајот е дадена Изјава за функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет

**Одговорност на раководството за внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Раководството е одговорно за следењето на примената на внатрешниот систем на контрола на квалитет.

**Релевантни етички барања**

Сите партнери и персоналот во Друштвото согласно усвоените процедури и политики за време на ангажманите се обврзани да ги следат етичките принципи.

Во секој ангажман се врши проверка на специфичните околности за сите закани или потенцијални закани на независноста.

Вооедно, секој вработен има потпишано декларација за доверливост уште при своето вработување.

Политиката на друштвото бара одржување на технологија според стандард во дејноста, вклучувајќи и компјутерски заштита од упади на мрежа, хардвер и софтвер, како и дефинирање на процедури за пренесување на податоци и нивно зачувување дизајнирани да задржат, архивираат и повратат електронски информации и да ги заштитат овие информации од недозоволен пристап или несоодветно користење (надворешно и внатрешно).

Друштвото електронските податоци ги чува на два редундантни сервера во просториите и една копија на заштитена локација надвор од просториите на друштвото.

Политиката на друштвото бара одржување на процедури за ракување и чување на надворешно и внатрешно досие за да ги заштитат, задржат, архивираат информациите и да се заштитат овие информации од недозволен пристап и несоодветно користење (надворешно и внатрешно). Секој вработен има сопствено корисничко име и лозинка, која ги исполнува стандардите за силни лозинки. Секој пристап и измена на податоците остава трага во логовите на серверите.

**Политики кои се следат за прифаќање, продолжување или повлекување на ангажманите**

Друштвото изработува посебна процедура според која се врши оценка на интегритетот на клиентот и ризикот од прифаќање или продолжување на ангажманот. Во рамките на оваа анализа се врши оценка на компетенциите, способностите и потребните ресурси за исполнување на ангажманот. Оценката се изработува пред потпишување на било каков ангажман за соработка.

Партнерот кој го води ангажманот мора да ја одобри и да ја потпише одлуката за прифаќање или продолжување на ангажманот.

Ако, по завршувањето на фазата за прифаќање и планирање на ангажманот, се идентификуваат значителни ризици поврзани со клиентот, овие треба да бидат дискутирани помеѓу партнерите и да се постигне договор за прифаќање.

Еден партнер нема да одобри прифаќање на нов клиент и ангажман или продолжување на постоечки договор доколку постојат високи ризици (етички, независност, конфликт на интереси, финансиски, усогласеност на клиентот со МСФИ или соработка со клиентот  е потребна да се применат МСР и така натаму) без писмена согласност од другиот партнер.

**Политиките и процедурите кои се однесуваат на човечките ресурси**

Согласно политиките и процедурите при утврден недостатокот од персонал се применува на процес на вработување на дополнителни лица. При процесот на вработување се оценуваат капацитетот  и стручноста на персоналот при процеси на аплицирање, интервјуирање и документирање, а овие вклучуваат потврда на академските и професионалните способности, како и проверка на препораките.

Преку своите политики и процедури, друштвото обезбедува назначување на соодветени партнери и персонал (поединечно и колективно) на секој ангажман. Одговорностите на партнерот кој го води ангажманот се јасно дефинирани. Партнерот на ангажман, во консултација, го планира распоредувањето на партнерите и персоналот. Овој партнер исто така има одговорност да се осигура дека назначените поединци, но и тимот како целина, ги имаат потребните способности да го комплетираат ангажманот во согласност со професионалните стандарди и со системот за контрола на квалитет на друштвото.

Доколку се утврди недосток од компетентност во одредена област партнерите дискутираат за дополнително ангажирање на експерти и специјалисти.

Секој вработен е предмет на поединечната и севкупната оценка на поединечен партнер и членови на персоналот на постојана основа како и за време на редовниот процес на проверка на персоналот.

Соодветна тежина е доделена на карактеристиките идентификувани при оценката на успешноста во работата и истите се користат при определувањето на нивоата на плати, бонуси, промоција, професионален развој и овластување во рамките на друштвото

Назначувањето на експерти и специјалисти се врши од случај до случај врз основа на нивната докажана компетентност во областа. Со експертите се потпишува посебен договор за секој ангажман кој ги вклучува сите барања на МСР 620.

Политиките и процедурите кои се однесуваат на спроведувањето на ангажманите и вршењето на внатрешната контрола на квалитет

Во рамки на ангажманите се користат компјутерски поддржани ревизорски техники. Како стожер околу кој ваквите постапки се интегрираат се јавува SharePoint, како софтвер наменет за соработка на поедини ревизии и тековна работна документација. Постојат планови за целосно електронско досие за ревизиите.

Друштвото има холистички пристап во надзорот над Внатрешниот систем на контрола на квалитет каде сите вработени имаат свој одговорности. Крајната одговорност е на партнерите во друштвото.

Селекцијата на ангажманите за контрола на квалитет е заснована пред се на оценката на ризикот на ангажманот, дали клиентот е предмет на посебни регулатори барања, дали котира на берза и неговата големина и бројот на трансакции предмет на ревизорски постапки.

Во 2017 година спроведена е една постапка на внатрешна контрола на квалитет. Вообичаено за помалку ризични ангажмани контролата на квалитет е во надлежност на овластениот ревизор Кристина Тилиќ. Според Правилникот на друштвата ангажманите со висок ризик се контролираат од независни проверувачи. Во 2017 година нема вакви ангажмани.

Ревизорската документација се комплетира во рамки на пропишаните рокови.

Архивирањето се врши во просториите на друштвото и истата се чува согласно повисоките рокови од МСР и Законот за архивско работење.

Политиката на друштвото го диктира бројот на години за чување на различните видови на досиеја:

- Перманентни досиеја [10 (десет) години]
- Даночни досиеја [10 (десет) години]
- Финансиски извештаи и извештаи [10 (десет) години]
- Годишни или периодични работни документи [7 (седум) години]
- Кореспонденција [7 (седум) години]
- Минималниот период на чување на работните документи и досиеја на поранешен клиент изнесува [7 (седум) години].

**Политиките и процедурите кои се однесуваат на следењето на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Политиките и процедурите за контрола на квалитет претставуваат клучен дел на системот на друштвото за внатрешна контрола. Следењето примарно се состои од разбирање на овој систем на контрола и определување до кој степен ефикасно функционира овој систем, и тоа преку интервјуа, тестови на поминување и инспекции на досиеја. Исто така вклучува и развојни препораки за да се подобри системот, особено ако се откријат слабости или доколку се сменат професионалните стандарди и практики.

Друштвото се потпира на секој партнер или член на персоналот на секое ниво за да неформално да следат и применуваат квалитетот, етиката, и професионалните и стандардите на друштвото. Ова следење е вградено во секој аспект на професионалната работа. Партнерите и персоналот кои имаат моќ да носат одлука или да ја надгледуваат работата на други имаат поголемо ниво на одговорност.

Друштвото ќе ги разгледува и сите повратни информации добиени од инспекцијата на практиката и режимот за лиценцирање на ИОРРМ Сепак, ова не е замена за внатрешниот систем на следење на друштвото.

Друштвото мора да внимава на потребата да се проверува системот за контрола на квалитетот заради продолжување на ефективноста во светло на последните настани и периодично да ја тестираат контролата преку формално следење на ниво на досие за ангажман за да потврди дека контролите ефективно работат и дека не се заобиколуваат намерно или не се применуваат со помала строгост од колку што била намерата.

Своеволното непочитување се разгледува на неколку начина, вклучувајќи и осмислување на план на подобрување на изведбата; проверка на успешноста и повторно разгледување на можностите за промовирање и зголемување на надоместокот; и на крај, прекинување на вработувањето.

**Политиките и процедурите за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Друштвото одржува политики и процедури кои го специфицираат нивото и обемот на документација која се бара за секаков ангажман и воопшто за општа употреба од страна на

друштвото: (како што е воспоставено во прирачникот на друштвото/и стандардизираните формулари за ангажман). Тоа исто така одржува политики и процедури кои бараат соодветна документација за да се обезбеди доказ за функционирањето на секој елемент на системот за контрола на квалитет.

Овие политики обезбедуваат дека документацијата е доволна и соодветна да обезбеди доказ за:

- Почитување на секој елемент на системот за контрола на квалитет на друштвото; и
- Поддршка на секој издаден извештај за ангажман, според професионалните стандарди и стандардите на друштвото, како и регулаторните и правните барања, заедно со доказите дека проверката на контролата на квалитет на ангажманот е комплетирана на или пред датумот на извештајот (кога е применливо).

Ова мора да вклучува потврда и доказ или вкрстено референцирање, кое потврдува дека:

- Соодветно квалификувани партнери и персонал ги спровеле процедурите потребни за контролата;
- Проверката била комплетирана на или пред датумот на извештајот за ангажманот;
- Заклучоците се донесени преку процес на контрола; и
- Проверувачот не добил сознанија за нерешени прашања кои би го навеле да размислува дека ангажманот не е спроведен според професионалните стандарди и применливите регулаторни и правни барања.

**Усогласување на системот на контрола на квалитет со барањета на ПКФ Интернационал**

Со прифаќање на членството во мрежата прифатен е Правилникот за примена на меѓународните стандарди за ревизија на мрежата кои се во примена од 01.01.2018 година

## 5. Датум кога е извршена последената проверка заради уверување во квалитетот на ревизорот согласно Законот за ревизија

Согласно член 20 од Законот за ревизија друштвото подлежи на контрола на квалитет, заради проверка на усогласеност со Меѓународните Стандарди за Ревизија објавени кај нас.

Последната проверка заради уверување во квалитетот на ревизорот е извршена во Февруари 2017 и се однесува за годината која завршила на 31 декември 2016 година.

Во текот на ангажманот беше контролиран внатрешниот систем на контрола на квалитет и два ревизорски ангажмани за годината што заврши на 31 декември 2016 година.

Во 2017 година е извршена и пред-пристапна контрола на квалитет од страна на ПКФ Интернејшнел во Март, 2017 година.

## 6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на годината за која се известува

Во текот на 2017 година извршени се следниве законски ревизии:

| РБ | Назив на клиент |
|---|---|
| 1 | ИТД Дистрибуција ДОО Скопје |
| 2 | Акционерското друштво за производство на конфекциски производи Мода Свети Николе |
| 3 | Друштво за трговија и услуги АПЕКС МК ДОО Скопје |
| 4 | Друштво за градежништво, производство трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО Скопје |
| 5 | АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката |
| 6 | Друштвото за производство  трговија и услуги ТОРАКС  ДОО  увоз-извоз Скопје |
| 7 | Штедилница МАК БС ДОО, Скопје |
| 8 | ЈП Улици и патишта Скопје |
| 9 | Друштво за градежништво и трговија  ИДАДИЈА – ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје |
| 10 | Друштво за производство, трговија и услуги ВАЛКИРИ – НОРД ДООЕЛ експорт – импорт Скопје |
| 11 | Друштво за производство, трговија и услуги  АНИЗОР  Драшко ДООЕЛ експорт –импорт с.Шишево Сарај |
| 12 | Друштво за производство промет и услуги ВИВАКС ДОО Скопје |
| 13 | Друштво за услуги и трговија КОНГРЕСЕН СЕРВИСЕН ЦЕНТАР  Весна и др ДОО Скопје |

Во текот на 2017 година извршени се следниве договорни ревизии:

| Ред. Бр | Назив на клиент |
|---|---|
| 1 | Развојна Фондација Кримсон Скопје |
| 2 | Хуманитарна организација – Организата Хуманитаре Калири и Миресисе Скопје |
| 3 | Балкан Биосерт ООД Пловдив, подружница Балкан Биосерт ООД Скопје |
| 4 | Фондација Балканска мрежа за развој на граѓанското општество Скопје |
| 5 | Здружение на граѓани за одбрана на слободата на говорот и на јавното изразување ЧЛЕН 16 |
| 6 | Здружението на граѓани Центар за управување со промени |
| 7 | Хуманитарна орханизација Месечина Гостивар |
| 8 | УНАСМ Федерација на синдикати |
| 9 | Здружение на новинарите на Македонија (ЗНМ) |
| 10 | Институт за човекови права |
| 11 | Камотекс Доо |
| 12 | Фонд за иновации и технолошки развој |
| 13 | Здружение на возачи на град Скопје |
| 14 | Мокел Битола |

| Ред. Бр | Назив на клиент |
|---|---|
| 15 | Мрежа за рурален развој на Република Македонија |
| 16 | Стопанска комора на северозападна Македонија |
| 17 | Oxa Group Kosovo |
| 18 | Медуза Продукција ДООЕЛ |
| 19 | ДС Сервис Доо Скопје |
| 20 | Супер Енерџи Солушн Македонија |
| 21 | Ел Самир Дооел |
| 22 | Сигма Масла ДОО експорт-импорт Скопје |

Ревизии на проекти финансирани од донатори:

| Ред. Бр | Назив на клиент |
|---|---|
| 1 | ИОМ Интернационална организација за миграција |
| 2 | Здружение на правата на ромите Штип |
| 3 | Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија |
| 4 | Caritas Austria |
| 5 | Општина Велес |
| 6 | Црвен крст на град Скопје |
| 7 | Реактор Скоје |
| 8 | Општина Чаир |
| 9 | Даути Фондација |
| 10 | Центар за правување со промените |

## 7. Опис и изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени;

Политиката за независност е заснована на Кодексот на етика издаден од Меѓународната Федерација на Сметководители (IFAC), вклучувајќи и ограничувања на обезбедени неревизорски услуги на клиенти за ревизија. Вработените најмалку еднаш годишно се очекува да дадат изјава дека политиките за независност биле следени вклучувајќи и нивна лична независност. Разгледувањето на независноста е чекор во рамките на секој ревизорски ангажман па и онаму каде стандардите тоа не го бараат.

Изјавата за независното работење е дадена во прилог на извешајот.

## 8. Опис и изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината

Овластените ревизори имаат организирана континуирана едукација во рамки на Институтот на Овластени Ревизори.

Покрај тоа Ефект плус организира посета на семинари, интерна едукација во рамки на друштвото и во рамки на секој ангажман каде помладиот персонал има можност да под надзор на овластен ревизор совладува нови вештини низ работа.

Измените на законските прописи и стандардите за финансиско известување како и ревизорските стандарди постојано се следат изворно онаму каде измените се донесени (Публикации на Службен весник, IFAC и IASB)

Изјавата за континуираното професионално усовршување е дадена во прилог на извештајот.

## 9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и од други надоместоци

Друштвото за ревизија Ефект плус ги нуди следните услуги:

- Ревизија на единечни и консолидирани финансиски извештаи,
- Проверка,
- Договорени постапки и проектни ревизии,
- Анализа на финансиски извештаи,
- Консултантски услуги ,
- Вештачења и судски проценки,
- Сметководствени услуги.

За периодот 01.01-31.12.2017 Друштвото ги има остварено следните приходи:

| Вид на приход | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Ревизија на годишни и консолидирани сметки согласно МСР | 1.533 | 1.112 |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC; прифатени и објавени во РМ); | 2.935 | 2.325 |
| Даночни советодавни услуги (Сметководство и консултантски услуги) | 1.323 | 2.503 |
| Други неревизорски услуги | 170 | 49 |
| **Вкупно** | **5.961** | **5.989** |

## 10. Информација за основите по кои се утврдуваат примањата на овластените ревизори

Партнерите во друштвото примаат месечна плата и надоместоци за својата работа.

Секој од партнерите има право и на учество во добивката сразмерно на индивидуалниот придонес во текот на годината.

Вообичаено на партнерите во ревизијата не им е дозволено да обезбедуваат и неревизорски услуги на истите клиенти.

Помеѓу партнерите постои транспарентност во алоцирање на профитот.

Скопје- Март, 2018

Управител
Кристина Тилиќ

Друштво за ревизија ЕФЕКТ-ПЛУС ДООЕЛ СКОПЈЕ

## Прилози

## 11. Изјава од овластениот надлежен орган за ефективноста на неговото функционирање од аспект на контролата на квалитет

Како основач и управител на друштвото за ревизија „Ефект плус“ Дооел, изјавуваме дека друштвото доследно се придржува на барањата на внатрешниот систем за контрола на квалитет и системот за контрола на квалитет функционира ефективно.

Основач
Миов Николаки

Управител
Кристина Тилиќ

Скопје 31.03.2018

## 12. Изјава за независното работење на субјектот со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени.

Изјавувам дека друштвото за ревизија работи независно од клиентите за ревизија во согласност со Кодексот на етика издаден од Меѓународната Федерација на Сметководители (IFAC). Истовремено потврдувам дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста со барањата за независност и дека истите се спроведени.

Скопје, 31.03.2018

Управител
Кристина Тилиќ

Друштво за ревизија ЕФЕКТ-ПЛУС ДООЕЛ СКОПЈЕ

## 13. Изјава за политиката што ја следи субјектот за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината

Изјавувам дека овластените ревизори согласно Законот за ревизија посетуваат орагнизирана континуирана едукација во рамки на Институтот на Овластени Ревизори, додека останатите вработени посетуваат интерна обука организирана во рамките на Друштвото и обуки од Институтот.

Скопје, 31.03.2018

Управител
Кристина Тилиќ

Друштво за ревизија
ЕФЕКТ-ПЛУС
ДООЕЛ
СКОПЈЕ